**“МАКЕДОНИЈАТУРИСТ” АД СКОПЈЕ**

# ВКЛУЧУВАЊЕ НА НОВИ ТОЧКИ ВО ДНЕВНИОТ РЕД

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да предложат дополнување на дневниот ред по писмен пат со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка.

**Барањето** се доставува во писмена форма во оригинал со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапник по закон на акционер правно лице.

**Во прилог на барањето акционерот доставува и соодветни документи за идентификација и тоа:**

1. За акционер **физичко лице** се приложува:
- Извод од Централен депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите во оригинал не постар од три дена
- Копија од лична карта или пасош

2. За акционер **правно лице** се приложува:
- Извод од Централен депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите во оригинал не постар од три дена
- Тековна состојба од Централниот регистар во оригинал не постара од 7 (седум) дена
- Копија од лична карта или пасош на законскиот застапник

Барањето заедно со документите за идентификација се испраќа до Управниот одбор на Друштвото во рок од 8 (осум) дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седницата на собранието на адреса:

**„Македонијатурист” АД Скопје**
Ул. Филип Втори Македонски бр. 5
1000 Скопје
Управен одбор на Друштвото
Со назнака „ за Собрание на акционери„